Врз основа на член 44 став (7) од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 3/25, 74/25 и 111/26), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на распределба на средствата од сопствените приходи во државното средно училиште - регионален центар за стручно образование и обука

### Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на распределба на средствата од сопствените приходи во државното средно училиште - регионален центар за стручно образование и обука (во понатамошниот текст: регионален центар) стекнати од партиципација на корисниците на услуги (образование и полагање на испити на вонредни ученици, образование на ученици/учесници во постсредно образование (специјалистичко образование), образование на лица во неформално образование на возрасните и валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење, издавање на свидетелства, дипломи, сертификати, додатоци и друго, преписи на издадени свидетелства, дипломи, сертификати, додатоци и друго и преписи на потврди за фонд на часови), како и продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење на основната и дополнителната дејност и од трговските друштва, јавните претпријатија, установи и органи на државна управа, проекти одобрени од министерот, донации, спонзорства, легати, подароци, завештанија, пренесен вишок на приходи од минати години, поврат на данок на добивка, поврат на данок на додадена вредност, надоместоци на штети од осигурителни компании и други извори согласно закон.

### Член 2

Средствата стекнати согласно членот 1 од овој правилник се користат за унапредување, осовременување, развој на дејноста и останати неопходни потреби на регионалниот центар.

### Член 3

Распределбата на средствата стекнати согласно членот 1 од овој правилник се врши:

1) Дел од средствата во висина до 50% може да се искористат за следните намени:

- трошоци за комунални услуги (електрична енергија, вода, ѓубретарина, греење, горива, пошта, телефон и друго);
- набавка на дидактички средства, училишен мебел и останати материјали за потребите на регионалниот центар;
- набавка на ИКТ опрема;
- набавка на опрема, алати и машини за практично образование и друго за потребите на регионалниот центар;

- набавка на материјали за изведување на практично образование и за потребите на регионалниот центар;
- одржување на просториите и училниците за изведување на наставата, како и останатите училишни простории и училишниот двор и надзор;
- одржување на софтверска, хардверска и друга опрема во регионалниот центар;
- набавка на ситен инвентар, други материјали, училишни материјали, канцелариски материјали и средства за одржување на хигиена;
- набавка на средства за заштита при работа, униформи и обувки на учениците, наставниците, стручните соработници и останатите вработени;
- збогатување на библиотечен фонд и набавка на весници, списанија и други изданија;
- осигурување на учениците и вработените;
- обезбедување на објектите на регионалниот центар;
- дезинфекција, дератизација и дезинсекција на објектите на регионалниот центар;
- здравствени услуги за потребите на вработените од регионалниот центар;
- печатење и издавање на рекламен материјал за промоција на активностите на регионалниот центар и фотографирање на учениците и вработените;
- објавување на јавни огласи и останати објави во јавни гласила за потребите на регионалниот центар;
- обука и стручно усовршување на наставниците и стручните соработници и останатите вработени;
- учество на домашни и меѓународни натпревари на учениците и на наставниците и стручните соработници;
- практично образование на учениците кај други партнер училишта/регионални центри во земјата и во странство;
- реализација на вонучилишни образовни активности;
- посета на компании, саеми, семинари, форуми и конференции на учениците и наставниците и стручните соработници и останатите вработени во функција на секторот во земјата и во странство;
- надоместок за верификација на програми за формално и неформално образование и акредитација на установата за реализација на истите, истражувања од областа на образованието;
- превозни услуги во образованието и
- други намени.

2) Дел од средствата во висина до 20% може да се искористат за обезбедување услови за нови инвестиции за подобрување на просторните и други услови за работа на регионалниот центар.

3) Дел од средствата во висина до 30% може да се искористат за ангажирање на вработените од регионалниот центар и надворешни лица коишто не се вработени во регионалниот центар.

Член 4

Вработените од членот 3, став (1), точка (3) на овој правилник се ангажираат за работни задачи надвор од редовното работно време или за работни задачи кои не се пропишани за нивното работно место со актот за систематизација на регионалниот центар.

Надворешни лица коишто не се вработени во регионалниот центар се ангажираат по потреба и по проценка на директорот на регионалниот центар.

Висината на надоместоците се уредува со интерен акт донесен од страна на органот на управување на регионалниот центар.

За ангажирањето од ставовите (1) и (2) на овој член, директорот на регионалниот центар донесува акт (решение или одлука).

По исклучок од ставот (4) на овој член, доколку се ангажира директорот на регионалниот центар, за него актот го донесува претседателот на Управниот одбор.

Во регионалниот центар се води евиденција за актите од ставовите (4) и (5) на овој член.

Од страна на вработеното или ангажираното лице од ставовите (1) и (2) се изготвува Извештај за ангажманот, кој се доставува до директорот на регионалниот центар, а доколку е ангажиран директорот на регионалниот центар, Извештајот за ангажманот се доставува до претседателот на Управниот одбор.

Член 5

Од страна на регионалните центри, најдоцна до 28 февруари во тековната за претходната година, се поднесува извештај за стекнувањето и распределбата на средствата согласно процентуалната распределба утврдена со овој правилник до Министерството за образование и наука.

Член 6

За висината на средствата од партиципација на корисниците на услуги утврдени во членот 1 од овој правилник, органот за управување донесува ценовник.

За продажбата на производи и услуги коишто се резултат на вршење на основната и дополнителната дејност согласно членот 1 од овој правилник, од страна на органот за управување може да се донесе ценовник најдоцна до 1 август во тековната учебна година, за наредната учебна година.

Ценовникот од ставот 2 на овој член може да се дополни, односно измени од страна на органот за управување и во текот на годината, доколку се работи за сезонски карактер на производство и продажба на производи.

Член 7

Со денот на отпочнување на примената на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на распределба на средствата од сопствените приходи во државно средно училиште - регионален центар за стручно образование и обука со дел. број 13-7167/1 од 16.05.2025 година.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување, а ќе отпочне да се применува од 01.09.2026 година.

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска**

Број: 13-10510/1
Датум: 17 AUG 2026